Macedonian

Family
Resource
Centre

# Центар за информирање на семејствата

**Подгответе мала закуска или напијте се чаша чај**

**Информации и средства за пристап**

**Дојдете и уживајте во мала пауза**

Семејниот центар за информирање е отворен
од понеделник до петок
од 9 часот наутро до 5 часот попладне

Први кат, Главна зграда
(свртете лево зад аптеката)
Болница Royal Children's Hospital

Family Resource Centre
Royal Children's Hospital Flemington Road
Parkville Victoria 3052
Телефон 03 9345 4662
Телефакс 03 9345 4661
Електронска пошта frc@rch.org.au
Место на интернет www.rch.org.au/frc

## Центар за информирање на семејствата

Центарот за информирање на семејствата е неклиничкиот дел од болницата што е опремен за семејствата и негувателите на внатрешните и надворешните пациенти. Тој претставува тивко, пријателско и смирувачко место за семејствата во рамките на болницата, но настрана од турканиците и бучавата и од напнатоста на болничката средина.

Центарот беше отворен во 2003 г. благодарение на љубезната великодушност на нашите главни спонзори, Bluey Day и Uncle Bobs Club. На нашите многубројни дарители им оддаваме признание на ѕидот во Центарот каде што се напишани имињата на оние што не поддржуваат.

Замислата и она што се пружа во објектот на Центарот за информирање на семејствата потекнува од родителите, а ние постојано бараме да ги слушнеме мислењата на нашите клиенти за овој Центар. Семејствата се поттикнати да бидат независни при користењето на Центарот и неговата опрема. Вашите мислења и идеи се добредојдени.

Секојдневното работење на Центарот многу зависи од доброволците и ние им оддаваме признание и го цениме нивниот придонес кон Центарот.

Центарот за информирање на семејствата е тесно поврзан со и вклучува некои информативни функции на Центарот за информации за здравјето на децата, на Програмата за безбедност на болницата Royal Children's Hospital, на Одделот за социјална работа и на Институтот за образование на болницата Royal Children's Hospital.

## Центарот за информации на семејствата пружа-

- Подрачје за прием во кое работат еден доброволец и еден член на персоналот за да даваат упатства, информации, помош и поддршка.
- Тивка, пространа и удобна соба за родители за отпуштање, одмор или читање.
- Повеќенаменска соба за состаноци што може да биде резервирана од групи за поддршка и семејства кои сакаат да се сретнат насамо со социјален работник или со друг член на персоналот.
- Пристап до член на персоналот на Centrelink (со закажување).
- Тивка соба каде што семејствата може насамо да се соберат за да разговараат за здравствената состојба на нивното дете или за семејни работи.
- Соба со информативни средства во кои има голем оддел за упатување и видео касети за гледање што даваат информации и за честите и за ретките здравствени состојби, за родителството и за онеспособеностите.
- Деловен центар каде што семејствата имаат пристап до интернет, до електронска пошта, до апарат за копирање и од каде што можат да праќаат и примаат пораки по телефакс.
- Кујна за подготвување на лесни закуски. Обезбедени се пијалоци како чај и кафе.
- Подрачје за јадење со маси и столови и со придружно место за играње за децата.
- Мали приватни простории каде што пациентите може да легнат или да бидат хранети преку туба на спокојно место.
- Надворешен дел за спокојно размислување.
- Шкафови со различни големини каде што може да ги сместите вашите вредни работи во текот на денот.

## Просторија за лична нега

Просторијата за лична нега е составен дел од Центарот за информирање на семејствата и се наоѓа наспроти влезната врата на Центарот. Просторијата беше направена специјално за постари деца и младинци што имаат хронични заболувања или специјални потреби. Тушевите, собите за пресоблекување, креветите со приспособлива височина и тоалетите обезбедуваат лесен пристап за онеспособените лица.

Просторијата за лична нега исто така ќе ги задоволи потребите на оние млади луѓе на кои им е потребна помош од нивните родители или негуватели при одењето во тоалет и при задоволувањето на потребите од лична хигиена или при други постапки.

## Каде да не најдете

Влез од Flemington Road
Кафе и деликатесен бар
Продавница за подароци
Центар за информации за семејствата
Продавница Safety
Аптека
Влез од паркингот
Просторија за лична нега
Прв кат